# Истрагата ќе покаже дали експлозијата во објектот на Мисајловски има политичка позадина

АЛФА — 21. Јун 2020. @ 17:23




Испраќа ли власта заканувачки пораки уште пред почетокот на изборната кампања?Истрагата на полицијата треба да покаже дали инцидентот со експлозијата во објектот во сопственост на семејството на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ Мисајловски има политичка позадина. Околу три часот и четириесет минути изутрината од објектот на главната улица во Ѓорче Петров се слушнала детонација и почнал да излегува чад. Влезната врата била целосно извадена од лежиштето и била причинета материјална штета. Мисајловски на Фејсбук потсети и на инцидентот од 2017 кога беше опожарен и неговиот дом. Вели заканите нема да го исплашат. Без оглед на тоа каква е нарачката. Според него поракатa пред стартот на кампањата сама се испишува, но таа нема да го поколеба.

Мицкоски прстот го впери кон СДСМ. Потегот на социјалдемократите го смета за показател за немоќ и страв од изборен пораз.

“Ги повикувам да не конструираат вакви сценарија. Бидејќи и по 15 јули треба да има живот во нашата држава. Ова не е добро. Затоа што во физиката има њутнов закон кој што вели секоја акција има и своја реакција. Не им се плашиме. напротив ова повеќе не мотивира. Сега за сега ќе бидеме трпеливи и ќе почекаме институциите да го расветлат настанот, но ако институциите не го расветлат настанот јас им ветувам дека по 15 јули ќе ги стигне правдата”, изјави тој.

Власта го осуди инцидентот и го повика Чулев да ги открие сторителите.

“Најповикан во овој случај е министерот за внатрешни работи кој можеме ние како граѓани да видиме за што го злоупиотребува министерството за внатрешни работи. И го повикувам Мицкоски да каже од каде му е таквата информација затоа што сме убедени во тоа што го кажуваме”, изјави портпаролот Костадинов.

Од МВР информираат дека нема повредени и дека се работи на расчистување на случајот.

Градимир Марковски




## Најнови вести

18:53 Македонските оператори ги исклучија националните телевизии
17:23 Истрагата ќе покаже дали експлозијата во објектот на Мисајловски има политичка позадина
17:10 Идентификувано е лицето на видеото кое врши поткуп на гласачи во Шуто Оризари
16:31 Наместо 20% поврат на ДДВ, македонските производи напишани како странски
16:02 „Седмица“ со Коле Чашуле, недела во 22:30 часот
15:53 МВР: 805 лица не носеле маска, во изолација 213 граѓани
15:49 Милошоски: Заев, Димишков и Димишкова трговци на притвори со пари?
15:34 Мицкоски: Ако пораката која сака власта




(c) 2019 - Alfa TV All Rights Reserved.